Архивски бр. 08 - 414/8
датум 28 -11- 2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.
**Комисијата за надзор на ден 29.09.2025 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Управен суд Скопје** за контролниот период од **2024** до **2025** година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во присуство на претседателот на судот, судијата Бурим Сејдини, судскиот администратор Ивана Смугреска и раководителот на одделение задолжен за АКМИС Сања Цветкова.

Во судот според систематизација во судска служба се предвидени 171 работно место, од кои во моментот се пополнети 66 работни места, додека за бројот на судии од предвидени 33 судиски места пополнети се 26 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на суд. Од страна на претседателот на судот беше укажано дека недостасуваат уште 5 судии за решавањето на предметите да биде завршено во законски предвидениот рок од 9 месеци. Во моментот на надзорот во судот во работа има 4700 предмети. Најстариот предмет е од 2023 година.

Судот располага со одлични просторни услови, по преземањето на зградата направено е комплетно реновирање на зградата. Согласно известувањето од судот, на кровот на објектот на Управниот суд во месец декември 2023 година поставена е фотоволтаична централа, со цел заштеда на електрична енергија, по пат на искористување на обновливата соларна енергија што придонесува и за заштита на животната средина, а воедно и со стекнување на статус потрошувач – производител, судот освен што произведената електрична енергија ја користи за сопствена потрошувачка, вишокот на произведената електрична енергија го предава во

електродистрибутивната мрежа, со што од вкупната потрошувачка на електрична енергија на годишно ниво 40% се произведува преку фотоволтаичната централа.

Интерна web страна - Развиена и менаџирана интерно во судот страна на која се објавуваат различни акти достапни за вработените, закажување на седници, работни тела како и објавување на сите закажани советувања заради запознавање на сите вработени.

Дигитално поврзување на Управен суд со јавните органи и Вишиот управен суд.
Во тек е јавна набавка за изработка на софтвер и имплементација за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи и Вишиот управен суд. Откако ќе биде извршено успешно тестирање на софтверското решение со Вишиот Управен суд и барем два јавни органи, ќе се пристапи кон склучување на Меморандуми за соработка на Управниот суд со Вишиот управен суд, Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, а следствено и со сите јавни органи, каде е потребна брза, безбедна и ефикасна електронска комуникација за времетраење на управните спорови.

Забелешките од претходната Комисија за надзор во врска со законскиот основ врз основа на кој се врши измена на Годишниот распоред кој бил изоставен при изработката на самиот документ е надмината, додека скенирањето се уште не е комплетно и се врши делумно скенирање додека се чека да заврши јавната набавка.

Претседателот на судот и релативно добрата пополнетост со број на судии во судот, судскиот администратор и вработените во Управниот суд овозможиле солидни услови за работа на судот, како на операционално, така и на техничко ниво. Со доделените средства од Судскиот буџетски совет, претседателот, судиите и вработените во судот целосно го реализирале планот и програмата за работа на судот, кој во овој момент претставува модерен и функционален суд со запазени стандарди и процедури за наши услови. Овој суд е доказ дека кога има обезбедено доволно средства за вработување, за техничка и друга опрема за просториите, како и соодветен судски објект, тоа дава резултати. Судот претставува доказ дека судовите имаат јасна перспектива и знаат како да ги управуваат средствата, доколку им бидат обезбедени согласно законската одредба.

**Заклучок:** Претседателот на судот успеал во своите два мандати да овозможи функционален суд. Управниот суд претставува пример дека ако бидат обезбедени


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

довoлно финансиски средства, ако има доволен број на судии и судски службеници кои посветено работат и ако претседателот на судот има силни менаџерски способности, успехот во работата на судот е загарантиран.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Програма за работа на Управен суд за 2024 година под Су-01.бр.0102-2/2024 од 02.01.2024 година со измени заради подобро и оптимално функционирање на судот по утврдени причини за потребата.
Програма за работа на Управен суд за 2025 година Су-01.бр.0102-36/2024 од 25. 12.2024 година

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Судиите во судот (26) се распоредени во 4 специјализирани оддели, меѓу кои и оддел за судска практика: 3 совети со 3 судии во прв оддел, 3 совети со 3 судии во втор оддел, 2 совети со 3 судии во трет оддел и оддел за судска пракса со 1 судија.

### 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

За 2023 година
Су-01.бр.0102-33/22 од 07.12.2022 година
Су-01.бр.0102-33/22-1 од 11.09.2023 година
Су-01.бр.0102-33/22-2 од 09.10.2023 година
Су-01.бр.0102-33/22-3 од 13.11.2023 година
За 2024 година
Су 01.бр. 0102-1/2024 година од 27.12.2023 година.
Су 01.бр. 0102-1/2024-1 од 15.03.2024 година.
Су 01.бр. 0102-1/2024- 2 од 12.04.2024 година. - по приговор

Су 01.бр. 0102-1/2024-3 од 05.06.2024 година. - по приговор
Су 01.бр. 0102-1/2024-4 од 07.06.2024 година. - исправка од техничка грешка во редослед
Су 01.бр. 0102-1/2024- 5 од 21.08.2024 година.
Су 01.бр. 0102-1/2024-6 од 17.12.2024 година.
За 2025 година
Су-01.бр.0102-37/2024 од 25.12.2024 година. - дополнување заради влегување во примена на Су 01.бр. 0102-37/24-1 од 27.12.2024 година.
Су 01.бр. 0102-37/24-3 од 12.05.2025 година - измена заради вклучување на претседателот на судот заради совладување на прилив на предмети
Су 01.бр. 0102-37/24-4 од 01.09.2025 година - исклучување на претседателот на судот од изборни предмети кои се судат во совет од тројца судии и пет судии.
**Надмината е претходната препорака и во измените на годишните распореди внесено е образложение заради што биле потребни измените и заклучни согледувања**
Најчести причини за измени на распоредот се: престанок на судиска функција на двајца судии, дефицит на предмети, значителна разлика во број на предмети

4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Су 04.бр.0402-147/23 од 01.06.2023 година
Су 01.бр.0102-17/24 од 25.06.2024 година
Су.01. Бр.0102-18/25 од 01.07.2025 година

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот има еден вработен информатичар на позиција Раководител на одделение и еден вработен со договор на дело. Нема формирано оддел/служба за информатика.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Има формирано оддел за судска практика, судијата Исмета Амет ја следи судската практика во судот.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Во канцеларија за односи со јавноста со распоред е определено лице - вработен судски службеник Софија Наскова.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судскиот администратор редовно донесува распоред за судската служба во судот согласно распоредот за работа на судиите. Во судот според систематизација во судска служба се предвидени 171 работно место, од кои во моментот се пополнети 66 работни места, односно **пополнетоста е 38% од предвидена систематизација. Препораката за потребата од најмалку 75% пополнетост важи и за овој суд.**
Су-07.бр.5/23 од 24.01.2023 со 3 измени согласно измените на распоредот за работа на судии, во рамки на кој составен дел е список на кориснички групи за степен на достапност до АКМИС на секој судија и судски службеник и кориснички групи и Одлука за администратор на АКМИС.
Су-07.бр.8/2024 од 19.02.2024 година со две измени согласно измената на рапоредот на судии.
Су-07.бр.14/25 од 10.02.2025 година со две измени, заради измена на распоред за работа на судии.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024 и 2025 година.**

Претседателот на судот редовно врши надзор, за што се изготвени извештаи.
Увид во Су бр.04 бр.0204 - 316/23-1 од 19.09.2023 година
Контрола над доставувачи - Извештај Су 07.бр.49/24 од 08.11.2024 година
Извештај Су бр.02.бр.0206-28/24 од 31.07.2024 година
Одлука за Комисија за контрола на писарниците бр.Су-07.21/2024 година од 19.06.2024 година
Извештај за контрола во месец ноември бр.Су 04 бр.0204 - 353/24 од 13.12.2024 г.
Извештај за период 03.04.2025-10.04.2025 - Су 07 бр. 28/25-1 од 17.04.2025 година
Наредба Су 04.бр.0204-141/25-1 од 15.05.2025 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Најмалку еднаш месечно задолжително се одржуваат, а по потреба и почесто.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Судиите редовно одржуваат седници на судски оддел и доставуваат редовно записници до претседателот на судот
Увид во Су.бр.60-1/25 од 20.05.2025 година
Су.бр.112/24/1 од 02.12.2024 година
Су.бр.148 /23-1 од 10.11. 2023 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Месечни седници на судии се одржуваат редовно. Увид во Су бр.0205-22/25 од 19.02.2025 година и Су.бр.0205-36/24 од 09.04.2024 година.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су -01.бр.0102-11/2024 од 01.03.2024 година
Су-01.бр.0102-3/2025 од 27.02.2025 година

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су -01/0102-18/2024 од 14.06.2024
Извештај за постапено по препораки од повисок суд доставен до Судски совет

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Управен суд Скопје за 2024 и 2025 година**

Су 03 бр.0302-46/2023 заведено за Управен суд Су -03 .бр.0302 - 118/23 -1
Су 03 бр.0302-84/2023 од 20.12.2023 година заведено во Управен суд Су.03.бр.0302 - 238/23-1 од 22.12.2023 година
Су-03.бр.0302-116/2024-1 од 19.12. 2024 заведено во Управниот суд под Су-3 бр.0302-239/24 од 20.12.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Су-03.бр.0302-76/2025-1 од 22.05.2025 заведено под Су-03 бр.0302 -109/25 од 23.05.2025 година.
Извештај за постапено по препораки од повисок суд доставен до Судски совет Су 03-бр.0302-75/24 од 09.04.2024 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

### 16. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Обуки се вршат повремено и тоа за новите вработени, а ги врши информатичарот во судот и исто така има онлајн обуки за судиите кога има новини.
Преку Академијата за судии и јавни обвинители, минатата 2024 година имало обуки за информатичарот за сајбер безбедност и компјутерски мрежи.
Останати практични обуки за информатичари нема.

### 17. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Информатичка опрема во целост ги задоволува потребите на судот. Обновена е пасивната мрежа, а нови скенери се обезбедени од сопствени средства на судот.
Во судот има застарена информатичка опрема која треба да биде расходувана и се планира постапката да биде спроведена во наредниот период.

### 18. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

На увид на комисијата и беше доставени во хартиена форма списоци на кориснички групи со детално дефинирани кориснички привилегии, и истите беа уредно евидентирани во АКМИС.
СУ-07 бр. 8/24 од 19.02.2024 година и СУ-07 бр. 14/25 од 10.02.2025 година со измена.

### 19. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има списоци на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**20. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Во судот има дежурства само за време на судска ферија и се внесуваат во месечниот календар од оваа година. Претходно не биле внесувани дежурствата во месечниот календар во АКМИС системот.

**21. Скенирање на влезни документи**

Во судот се скенираат само покани за јавни расправи, додека пак со скенирање на останатите документи ќе се почне откако ќе заврши јавната набавка на софтверот за скенирање на документи, за што се набавени два големи скенери. Поканите за јавна расправа се скенираат и електронски се доставуваат до јавните органи кои преку писмен допис имаат дадено согласност за ваков вид на кореcподенција.
Исто така се доставуваат скенирани и поканите до адвокатите кои имаат електронско сандаче.

**22. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием на предметите од страна на судиите.

**23. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот во судот определен со одлука Су-07.бр.8/2024 од 19.02.2024 година и Су-07.бр.14/2025 од 10.02.2025 година. Одлуките се уредно евидентирани во АКМИС.
Распределба и прераспределба на предмети ја врши уписничар во писарница.

**24. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Се исклучуваат од распределба на предмети ако се отсутни подолго од 5 работни дена. Одлуки за исклучување и повторно вклучување во распределба на предмети:
СУ-04-138/24 со нивни измени од 1 до 6
СУ-04-142/25 со нивни измени од 1 до 10

25. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024 и 2025 година.**

На увид беа дадени во хартиена форма следните одлуки, кои се уредно внесени во АКМИС системот:

СУ - ИЗЗ -74/24 од 04.12.2024 година
СУ - ИЗЗ -83/24 од 23.12.2024 година
СУ - ИЗЗ -35/24 од 10.06.2024 година
СУ - ИЗЗ -2/24 од 12.01.2024 година
СУ - ИЗЗ -17/25 од 21.03.2025 година

26. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024 и 2025 година**

Нема такви одлуки.
Рачно преку АКМИС се распределуваат само предметите кои законски, односно деловнички е потребно да го работи истиот судија кој одлучувал по предмет со кој се поврзува рачно распределениот предмет, како што е случај со "укинати предмети", "повторување на постапка", "времени мерки".
Комисијата за надзор во претходниот извештај за Управниот суд исто така детално ги констатирала случаите кога се врши рачна распределба преку АКМИС во судот.

27. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за период од 2023 - 2025 година:

- У-6-551/23 Примен на ден 25.08.2023, заведен на ден 28.08.2023, автоматска распределба на ден 28.08.2023 (14:00 часот) и примен од страна на судија на ден 06.09.2023 година
- УПР-225/24 Примен и заведен на ден 02.07.2024, примен од страна на судија на ден 12.07.2024, рачно распределен на ден 02.07.2024 (09:41 часот), затоа што е барање во хартиена форма
- У-3-445/24 Примен и заведен на ден 05.09.2024, автоматски распределен истиот ден во 14:02 часот, примен од страна на судија на ден 10.09.2024, повторно прераспределен на ден 15.01.2025 поради промена на Распоред за

работа. Врз основа на новата програма за работа донесено е Решение за прераспределба со СУ-04.бр.0204-7/25 од 10.01.2025 година.

- У-5-1000/24 Примен и заведен на ден 06.09.2024, примен од страна на судија на ден 10.09.2024, со автоматска распределба распределен на ден 06.09.2024 (14:00 часот), и прераспределба рачна заради Годишната програма на ден 16.01.2025 врз основа на решение Су-04.бр.0204-7/25 од 10.01.2025 година
- У-1-248/25 Примен и заведен на ден 23.06.2025, примен од страна на судија на ден 27.06.2023, со автоматска распределба распределен на ден 23.06.2025 (14:00 часот)

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

На денот на надзорот има 7 предмети кои чекаат за автоматска распределба. Автоматската распределба се врши секој ден во 14 часот.

**29. Уписници што се водат во хартиена форма**

Уписникот за разни предмети (РП) се води хартиено, односно во excel. Број на разни предмети кои не се заведуваат електронски за 2024 година се 905 предмети, а до денот на надзорот за 2025 година има 992 предмети.

**30. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот во 2024 година се опремени со опрема за тонско снимање 8 судници, од кои во една од нив е инсталирана и опрема за видео снимање. Тонското снимање активно се користи, а пред 2024 година во судот немало инсталирано опрема за тонско снимање затоа што судот немал соодветни просторни услови.
Од 01.10.2024 година, заклучно со 31.12.2024 година реализирани се 862 тонски снимања, а за периодот од 01.01.2025 до 31.08.2025 реализирани се 1947 тонски снимања.

**31. Електронска достава**

Редовно се врши електронска достава и таа функционира на взаемна согласност со државните органи. Во последниот квартал во 2025 година имало 1073 достави.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

32. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Одлука Су бр.0204-4/24 од 04.01.2024 година
Одлука Су 04 бр. 0204-117/25 од 19.03.2025 година

33. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су-01.бр.0102-2/25 од 20.02.2025 година
Су-01.бр.0102-3/24 од 30.01.2024 година

34. **Внатрешни процедури**

Су 01.бр.0102-4/24 од 04.06.2024 година
Су 01бр.0102-9/25 од 19.03.2025 година

35. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 07бр.1/24 од 15.01.2024 година
Су 07 бр.56/24 од 16.10.2024 година
Су 07 бр.35/25 од 07.04.2025 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS
1828

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

### 36. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период

Преку соопштенија за јавност, известувања на веб страницата на судот, извештаи за работа на судот редовно се објавени на веб страницата, посети на судот, склучени меморандуми за соработка со правни факултети и со средни училишта, одржани прес конференции во врска со работата на судот.

### 37. Огласна табла на судот

Огласната табла на судот е поставена на видно место, во фоајето.
Календарот на судења е на веб страната редовно ажуриран.

### 38. Простории за судии поротници - Во судот нема судии поротници.

### 39. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024 и 2025 година.

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот. За контролниот период 2024 и 2025 објавени се 9549 одлуки, а вкупно објавени на web порталот се 105 891 одлуки.

### 40. Архива

Архивата е уредно средена.
Од 2007 година до 03.07.2017 година архивирани биле 6444 предмети, додека во период 03.07.2017-29.09.2025 вкупно 87233 предмети. Од почетокот на мандатот на претседателот на судот до денот на извршениот надзор извршено е архивирање на значителен број на предмети.
Исто така, формирана е комисија за уништување за судските предмети кои ги исполнуваат условите согласно закон.

Исто така, преземени се предмети од Врховниот суд на Република Северна Македонија и истите се поништени од причини што биле усполнети условите од судски деловник и за кои се заведени соодветни записник.
Вкупно 52244 уништени предмети, во период од 14.02.2023 – 29.09.2025 година од кои 25544 предмети од Управен суд и 26700 предмети од архивата на Врховен суд кои биле пренесени во Управен суд.

Увидот заврши на ден 29.09.2025 во 14:20 часот.